РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 14 -09- 2009 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 3936/1 | | |

**ПРЕДЛАГАЧИ:** Група пратеници

До
г-дин Трајко Вељаноски
Претседател на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 72 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија и член 42 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, доставуваме

**ИНТЕРПЕЛАЦИЈА**

**за работата на министерот за Транспорт и врски Миле Јанакиески**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

На Република Македонија, на 5.09.2009, за жал и се случи голема трагедија во Охрид, во која животот го загубија 15 бугарски државјани. Министерот Јанакиески до премиерот Груевски поднесе оставка, како што самиот истакна од морални причини.

За жал, наместо да се превземе одговорноста и да се посветат сите одговорни институции да работат на разоткривање на вистината за настанот, започна најнеморалната претстава на политичката сцена во Македонија. Два дена сите министри од Владата, преку медиумите со различни изјави се обидуваа не само да го амнестираат министерот Јанакиески туку се трудеа да соберат и некои дневно-политички поени. Лакрдијата својата кулминација ја достигна со изјавата на парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ која откако ги увидела „доказите", како да станува збор за истражен орган, даде поддршка за министерот, но повеќе кураж за премиерот Груевски да не ја прифати оставката на министерот Јанакиески.

Согласнот Законот за внатрешна пловидба, капетанијата во Охрид е во состав на Министерството за транспорт и врски, и назначувањето на луѓето кое се таму директно се поставени од Јанакиески. Непочитувајќи го законот и непостоењето правилник за јасна имплементација на законот, министерот Јанакиески постави во капетанијата, со несоодветно образование, партиски, нестручни лица, по принцип на непотизам, кои со својата неработа и незнање од охридското езеро направија преопасно место за одмор.

Покрај тоа, согласно законот за внатрешна пловидба, Капетанијата мора да врши контрола на секое поаѓање на пловните објекти. Немањето никаква контрола при давањето лиценци и регистрација на објекти, доведе до хаос во езерото, а огромниот број глисери, јахти и скутери ги избркаа пливачите. Покрај тоа некои од пловните објекти се со огромна сила која одговараат на морски, а не езерски услови. Таквиот хаос, за жал предизвикаа огромен број инциденти и трагедии. Во дел од инцидентите, главни актери беа најблиското опкружување на премиерот Груевски.

Дополннителен аргумент за директната одговорност на министерот Јанакиески се и неговите изјави дадени на прес конференција на 30 март 2007, на која ги најави измените во новиот закон за внатрешна пловидба. Тогаш министерот Јанакиески потенцира неколку работи, како на пример дека: „пловните објекти, глисери, скутери, моторни чамци и едрилици, нема да смеат да се приближат до брегот повеќе од 50 до 300 метри зависно од нивната големина. (Бродот Илинден беше на 200 метри од брегот на охридското езеро). Целта е да се избегнат евентуални незгоди на капалиштата и пристаништата. Со законот ќе биде одбележан и одвоен просторот кај што ќе се движат бродовите и глисерите, како и просторот за спортско-рекреативни активности."

Според Јанакиески, во предложеното решение за првпат се пропишуваат ефикасни санкции за лицата кои управуваат со глисери, скутери и чамци, а предизвикуваат незгоди, со посебни задачи на инспекторите од внатрешната пловидба кои можат да изречат и привремена забрана за вршење пловна дејност во времетраење од шест месеци. Покрај тоа беше нагласено дека новиот закон ги регулира и правата на сопственост на брод, се пропишуваат условите што треба да ги содржи договорот за градба на брод и се дефинираат условите за добивање звање „екипаж на брод".

Извадоци од Законот за внатрешна пловидба:

Член 12

Работите од член 11 став 1 алинеја 2, на овој закон се утврдуваат со Годишната програма за обележување и сигнализација на пловните патишта донесена од министерот за транспорт и врски.

Член 38 став (4)

Начинот и постапката за пробно возење на брод ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 64 став (2)

Конструкцијата, пловните својства, механичкиот двигател и другите уреди и опрема од ставот 1 на овој член ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 68 став (6)

Начинот на водењето на регистарот на чамци, образзецот со содржината на пловидбената дозвола и регистрарската ознака ги пропишува министерот за транспорт и врски со актот од членот 64 на овој закон.

Член 70 став (10)

Начинот на стекнување звање управувач на чамец, планот и програмата за полагање испит за стекнување управувач на чамец, образецот на уверението за стекнатото звање ги пропишува министерот за транспорт и врски.

Член 261 став (2)

Увидот за пловидбената незгода го врши Капетанијата.

Член 289 став (2)

Капетанот го именува и разрешува Владата на Република МАкедонија на предлог на министерот за транспорт и врски.

Член 290

Капетанот и државните службеници вработени во Капетанијата мораат да ги исполнуваат пропишаните стручни услови за вршење работи од надлежност на Капетанијата и должни се да носта службена облека со пропишани ознаки за звања и значки.

Бројот, кројот и ознаките на службената облека ги пропишува министерот за транспорт и врски.

XI. НАДЗОР

Член 291

Надзор над спроведувањето на одредбите на овој закон врши Министерството за транспорт и врски.

Член 305 став (1)

Поблиските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Од овие факти не може да се прикрие одговорноста, без разлика на театарската претстава која ја режираше Груевски за да го спаси неговиот министер.

Со тоа, стана јасно дека наводната оставка претставува политичка манипулација кон македонската и бугарската јавност, која послужи само за намалување на тензиите, но сега се претвори во крајно неморален чин кон семејствата на загинатите туристи од Бугарија. Почетниот наводен морален чин, се претвори во неморални играрии на министерот Јанакиески, пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Груевски, а цената повторно ја плаќа Македонија, нејзиниот углед и одговорност кон Бугарија и меѓународната јавност.

Очигледно, министерот Јанакиески „дебело" го има задолжено премиерот Груевски кој со неприфаќањето на оставката ја превзеде целокупната одговорност за настанот.

За министерот Јанакиески и пред оваа трагедија постоеа доволно аргументи за да ја напушти министерската функциија. Последниот немил настан само ја прелеа чашата! Неговата работа е врзана за многу контраверзи, нетранспарентни тендери за продажба на земјиште, нереализирани тендери за инфраструктурни проекти, хаос со партиски прекумерни вработувања во македонските железници, цунамито во законската регулатива во урбанизмот и градежништвото.

Во демократски развиените земји, доволен повод за оставка би претставувал наодот на државниот завод за ревизија, нò кај нас, и 21 милион евра ненаменско потрошени народни пари не се доволен повод ниту за оставка, ниту за покренување на некаква одговорност од страна на надлежните институции. Државниот ревизор констатира во својот конечен извештај за 2007 година, дека министерот Јанакиески се расфрлал со буџетот исклучиво за партиски потреби, без потврда за што се потрошени средствата. Да биде незаконитоста поголема, на огромен број фактури и позиции, потпишани се лица кои воопшто не работат во министерството за транспорт и врски.

Собранието на Република Македонија во расправата за интерпелација треба да отвори дебата на која отворено ќе се разговара и ќе се лоцира политичката одговорност. Не смее младиот капетан да биде единствениот виновник. Ништо не може да ги амнестира раководните луѓе во министерството и капетанијата од политичка и кривична одговорност.

Во услови кога кај министерот Јанакиески, а особено кај претседателот на Владата на Република Макеведониија нема елементарна државничка зрелост и демократски капацитет, позитивното изјаснување за интерпелацијата ќе ја врати

вербата во Собранието како место во кое согласно Уставот се врши политичка контрола над работата на владините министри.

ПРАТЕНИЦИ,

| | ПРЕЗИМЕ И ИМЕ | ПОТПИС |
|---|---|---|
| 1. | АНАСТАСОВА СТАНКА | |
| 2. | АНДОНОВ МИЛЕ | |
| 3. | БЕНДЕВСКА ВЕСНА | |
| 4. | БУЧКОВСКИ ВЛАДО | |
| 5. | ГРКОВСКА- ЛОШКОВА СЛАВИЦА | |
| 6. | ДИНЕВСКИ МЕНДЕ | |
| 7. | ИВАНОВА ЦВЕТАНКА | |
| 8. | ИВАНОВСКИ ИГОР | |
| 9. | МАКРАДУЛИ ЈАНИ | |
| 10. | МИНЧЕВ ГОРАН | |
| 11. | НИКОЛОВ МАРЈАНЧО | |
| 12. | ПЕТРОВ АНДРЕЈ | |
| 13. | СТАНКОВИЌ ЕМИЛИЈАН | |
| 14. | СУГАРЕВСКИ ГОРАН | |
| 15. | ТУШЕВА МАРИНЕЛА | |
| 16. | ЌУРКЧИЕВ НИКОЛА | |
| 17. | ЧИНГОВСКИ ТОМЕ | |
| 18. | ШЕКЕРИНСКА РАДМИЛА | |